РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е барање за мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа, дали настанува судир на интереси во ситуација кога лице вработено во УЈП, исто така е именувано од страна на Владата на РСМ за вршење на функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ Центар за јавно здравје. Покрај наведеното, лицето поседува и лиценца за застапување во осигурување уште пред да се вработи во УЈП со која може да остварува дополнителен приходи од издавање на полиси за осигурување.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно член 49 став 2 од истиот Закон:
„(2) Вработен во јавниот сектор, може да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.“

Со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено дека:
„Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено“.

Согласно цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија е на мислење дека како службено лице, вработено во Управата за јавни приходи може да ја извршува функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ Центар за јавно здравје, но истото е потребно да биде во согласност со Процедурата за работи и дејности кои се во судир со службените должности и за надворешно работно ангажирање на вработените во Управа за јавни приходи. Имено, за истото потребно е да се консултира со Раководителот на сектор за човечки ресурси кој е овластен за спроведување на Процедурата.

Во врска со остварувањето на дополнителен приход, Државната комисија укажува на член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, **освен со закон ако не е поинаку определено.**

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk